# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**18.03.2019 год.** **Бр.IV**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на 29-та седница***
***на Советот на Општина Крушево***
***одржана на ден 15.03.2019 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 29-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 15.03.2019 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-391/1 од 18.03.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 29-та седница, одржана на 15.03.2019 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 28-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 18.02.2019 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-341/3 од 15.03.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ`` бр. 5/2002 ), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ( „ Службен гласник на Општина Крушево`` бр 1/2007, 16/2014), а во врска со член 26 став 1 точка 6, од Законот за експропријација ( „Службен весник на РМ`` бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 26/16 и 178/16), Советот на Општина Крушево на седницата, одржана на 15.03.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за резервирани средства за експропријација**
**во Буџетот на**
**општина Крушево за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека во Буџетот на Општина Крушево за 2019 година се резервирани средства за експропријација во вкупен износ од 400.000,00 денари, расходно конто 485.420 надомест за одземен имот програма Е0.

**Член 2**

Средствата од став 1 на овој член ќе се искористат во постапката за експропријација при реализација на јавен интерес на локално значење.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ``Службен гласник на Општина Крушево`` .

**Бр.08-341/6 од 15.03.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.Весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.Весник на РМ” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/2016 година.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот

на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/2007 и 16/2014 година), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 15.03.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправните објекти кои се вклопуваат за Арбен Ибраимоски изградени на КП. бр. 645 и на дел од КП бр. 1505/1 КО Алданци во село Алданци према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.




**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-341/7 од 15.03.2019 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.Весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.Весник на РМ” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/2016 година.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/2007 и 16/2014 година) , Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 15.03.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправниот објект кој се вклопува за Клуб за нордиско скијање и бијатлон „ МУСИЦА “ Крушево изграден на КП. бр. 1894/1 КО Крушево вон г.р. према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.




**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-341/8 од 15.03.2019 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.М." бр.28/04; 84/05; 25/07; 87/08; 42/10; 48/10; 24/11; 166/12; 70/13; 119/13; 120/13; 187/13; 38/14; 41/14; 138/14; 88/15; 192/15; 6/16; 30/16; 61/16; 64;18 и 120/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 15.03.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање Согласност на Друштво за градежништво КРУШЕВО ТИМ ДООЕЛ Скопје да може да го употреби името Крушево**

1. Се дава Согласност на Друштво за градежништво КРУШЕВО ТИМ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул."Јужноморавски Бригади" бр.14А. Скопје, да може да го употреби името Крушево во состав на името на фирмата.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина.

**Бр.08-341/9 од 15.03.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4, 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 15.03.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2018 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-341/10 од 15.03.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Сл.весник на РМ." бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18), член 27 од Закон за сметководство за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр. 61/02; 98/02; 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 15.03.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2018 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-341/11 од 15.03.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, 11 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 39 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 15.03.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на завршен Извештај за извршениот попис за 2018 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** завршниот Извештај за извршениот попис на основните средства и опремата во Единицата на локална самоуправа-Крушево за 2018 година, од страна на пописната комисија, со сите документи за попис и пописен материјал.

2. Пописната комисија утврди дека основните средства, ситниот инвентар се во исправна состојба и на лице место.

Пописната комисија утврди дека има набавено нова опрема и ситен инвентар за што треба да се спроведе книговодствено книжење.

Комисијата утврди дека одредени основни средства се отуѓени.

Утврдено е кои средства се за расход.

Општина Крушево има дадено опрема на реверс, констатирана во извештајот.

Извршен е попис и на паричните средства и на благајната и се утврди дека се слагаат со изводот од трезорот.

Извршен е попис и на побарувањата и обврските до 31.12.2018 година.

3. Пописната комисија утврди дека градежните објекти се во добра и употреблива состојба и се внесени на пописни листи.

Утврдена е состојба на ново изградени објекти во 2018 година и истите се внесени на пописна листа.

Комисијата утврди дека постојат инвестиции кои не се завршени и се во тек.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-341/12 од 15.03.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ", бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16, бр.64/18 и бр.168/18 година), член 22, став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево („Сл. Гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 15.03.2019 година ја донесе следната:

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2019 ГОДИНА

1. Во Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-51/9 од 11.01.2019 година, Измената и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-244/11 од 18.02.2019 година се вршат измени и дополнувања:

- во точка 5, после став 5.20 се дополнува нов став 5.21 и гласи:

**5.21. Проект за инфраструктура за водоснабдување на с. Јакреново, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



- во точка 5, после став 5.21 се дополнува нов став 5.22 и гласи:

**5.22. Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Нов среднонапонски кабелски извод низ КП бр.3731, бр.5991, бр.8026, бр.7583, бр.7635 (КО Кривогаштани), КП бр.5985/1, бр.2237, бр.2240, бр.2241 и бр.2239/1 (КО Кривогаштани вон.грд), КП бр.1351/1 и бр.1365 (КО Врбоец) – Општина Кривогаштани и Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



- во точка 5, после став 5.22 се дополнува нов став 5.23 и гласи:

**5.23. Проект за инфраструктура за приклучок и пристапен пат до МХЕЦ Острилска со реф. бр. 253, КО Острилци, Општина Крушево.**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



- во точка 6, после став 6.3 се дополнува нов став 6.4 и гласи:

**6.4. Архитектонско урбанистички проект за препарцелација – делење на ГП 1 формирана со ЛУПД на повеќе ГП со утврдување на условите за градба и користење на просторот за стопански комплекси со придружни содржини на КП 1416/1, КП 1416/2 и КП 1428/2, м.в. Кареница, КО Алданци, Општина Крушево.**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Архитектонско урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



2. Оваа измена и дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-51/9 од 11.01.2019 година и Измената и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-244/11 од 18.02.2019 година.

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите од 29-та седница на Советот на Општина Крушево......... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 28-та седница на Советот на Општина Крушево ……………………………………………………… 1
3. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2019 година ……………………………………………………..
4. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2019 година ………………………………………………………
5. Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Крушево за 2019 година ……………………….
6. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштетот во Општина Крушево по барање од Арбен Ибраимоски од с.Алданци …………………….
7. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштетот во Општина Крушево по барање од Клуб за нордиско скијање и бијатлон “Мусица” од Крушево ………………………………………
8. Решение за давање Согласност на Друштвото за градежништво “Крушево Тим” ДООЕЛ Скопје ……………………………………….
9.Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2018 година ……………

10. Заклучок за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2018 година ……………………………………………………….
11. Заклучок за усвојување на завршен Извештај за извршениот попис за 2018 година ………………………………………………………..
12. Измена и Дополнување на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година …………………………………….

Редакциски одбор на Општина Крушево.